**From:** Dragana Karovska <Dragana.Karovska@hera.org.mk>
**Sent:** Wednesday, April 30, 2025 1:19:33 PM
**To:** Monika Ilioska Kantardjioska <monika.k@sega.org.mk>; Tomislav Gajtanoski <tomislav@sega.org.mk>
**Cc:** Elizabeta Bozinoska <elizabeta.bozinoska@hera.org.mk>
**Subject:** ХЕРА - Иницијатива за отворање на дискусија во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество

Почитувани,

Ви пишувам од името на ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, како Раководителка на Програмата за младинско учество, со цел да иницираме со вас како членови за образование и младинско учество во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество, **отворање на дискусија во рамки на Советот поврзани со сериозен регрес во легислативата за образование** во нашата држава. **Ве молиме ова прашање да биде отворено на следниот состанок на Советот закажан за 8 мај 2025.**

**Контекст**

Последните измени на законите за образование го попречија пристапот до теми за родова еднаквост, сексуално и репродуктивно здравје и психолошка поддршка. Овие измени беа донесени по скратена постапка, без јавна расправа и без учество на младински организации или организации кои работат со млади, и се во спротивност со меѓународните документи кои го регулираат ова прашање. Младите остануваат без здравствена едукација базирана на докази, додека насилството и дискриминацијата се нормализираат. Со најновите измени на Законот за основно, Законот за средно образование и Законот за учебници, се случува регрес наместо напредок – се озаконува простор за насилство и дискриминација врз децата, а младите остануваат без пристап до здравствена едукација базирана на докази додека насилството и дискриминацијата се нормализираат. И покрај епидемијата на насилство меѓу младите, новиот Закон за средно образование не ја препознава дискриминацијата како форма на насилство, ниту пак емотивното, психичкото и сексуалното насилство – се третира само физичкото.

Податоците за моменталната ситуација кај младите и понатаму остануваат актуелни – младите во просек стапуваат во прв сексуален однос на 15 години, односно 16 години кај девојчињата, што е значително пониско во споредба со земји каде здравствената едукација е дел од училишната програма, каде младите го одложуваат сексуалното искуство дури до 19 години. Во 2023 година, стапката на тинејџерска бременост изнесувала 13.4 на 1000 девојки од 15 до 19 години. Младите од 15 до 18 години се најизложени на насилство, а ЛГБТИ младите се малтретирани и до четири пати почесто од нивните хетеросексуални

врсници. Истовремено, 15-годишни со хомосексуална или бисексуална ориентација страдаат два или повеќе пати почесто, со изразени психосоматски симптоми (74%), чувства на тага и безнадежност (47%) и сериозни самоубиствени мисли (30%). Во периодот од 2021 до 2023 година се документирани 82 случаи на насилство врз ЛГБТИ млади во образовниот систем, кој е втората институција по број на вакви случаи по здравството. Насилството е сè повеќе нормализирано, а се зголемуваат случаите на вознемирување, сексуално насилство, малтретирање и силување меѓу младите, извршени од малолетници, како во училишта, така и во јавни простори.

**Реакции**

Членките на Мрежата за заштита од дискриминација и Платформата за родова еднаквост, во кои членуваат над 30 граѓански организации кои работат на унапредување на човековите права, заштита од дискриминација и насилство и родова еднаквост имаа официјални реакции до институциите - Владата, Парламентот и Претседателката на Република Северна Македонија - ви испраќам во продолжение линковите. И покрај овие реакции указите за донесување на овие измени на законите беа донесени. Во реакциите се образложени штетните измени и последиците кои би ги имале врз младите кои се директно засегнати. Исто така, реакциите содржат препораки кои се повик за реобмислување на овие несакани процеси.

1. Јавна реакција: Насилството, дискриминацијата и незнаењето во формалното образование се новото „нормално" што го промовираат Владата, Парламентот и Претседателката на државата

   https://rodovaplatforma.mk/blog/2025/04/11/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d1%80%d0%b5%d0%b0%d0%ba%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%81%d0%b8%d0%bb%d1%81%d1%82%d0%b2%d0%be%d1%82%d0%be-%d0%b4%d0%b8%d1%81%d0%ba%d1%80%d0%b8%d0%bc%d0%b8/#more-64798

2. Повик до Претседателката на РСМ, Гордана Сиљановска- Давкова за непотпишување на Указите за штетни законски измени во образованието и доследно спроведување на заложбите за родова еднаквост"

   https://rodovaplatforma.mk/blog/2025/04/04/%d0%bf%d0%be%d0%b2%d0%b8%d0%ba-%d0%b4%d0%be-%d0%bf%d1%80%d0%b5%d1%82%d1%81%d0%b5%d0%b4%d0%b0%d1%82%d0%b5%d0%bb%d0%ba%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%bd%d0%b0-%d1%80%d0%b5%d0%bf%d1%83%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%ba/

3. Јавна реакција: Здравјето, заштитата од насилство и дискриминација на младите не се приоритет за Владата и мнозинство на пратеници https://rodovaplatforma.mk/blog/2025/04/03/%d1%98%d0%b0%d0%b2%d0%bd%d0%b0-%d1%80%d0%b5%d0%b0%d0%ba%d1%86%d0%b8%d1%98%d0%b0-%d0%b7%d0%b4%d1%80%d0%b0%d0%b2%d1%98%d0%b5%d1%82%d0%be-%d0%b7%d0%b0%d1%88%d1%82%d0%b8%d1%82%d0%b0%d1%82%d0%b0-%d0%be/

Ве молам пишете или побарајте ме доколку се потребни дополнителни информации. Ви благодарам.

Срдечно,
Драгана


**Драгана Каровска Чемерска**
**ХЕРА | Програмска Раководителка**
Франклин Рузвелт 51а/26, 1000 Скопје

**Dragana Karovska Chemerska**
**HERA | Program Manager**
Franklin Ruzvelt 51a/26, 1000 Skopje